


Според Извештајот на Transparency International Република Македонија се наоѓа на 71-то место во Индексот за перцепција на корупцијата. Имено, Македонија забележа благо праместување од 0,2 поени на ранг листата на индексот за перцепција на корупцијата за 2009 година и се наоѓа на 71-то место што е за една позиција погоре во однос на лани.

Ова го покажа извештајот на Transparency International за 2009 година, е презентиран во сите земји членки на оваа организација. Во истражувањето се опфатени 180 земји, а Македонија во однос на бодувањето е во друштво со Бугарија, Грција и Романија.

Од земјите во регионот, највисоко бодувана е Словенија, која е на 27 место, потоа Хрватска и Црна Гора, кои се на 66, односно 69 позиција. На 71 место исто како и Македонија, е и Бугарија, а веднаш зад нас се Грција и Романија.

Србија е на 83 позиција, а далеку зад неа се Албанија и БИХ како земја со највисок степен на корупција во регионот.

Најмалку корумпирана земја која ја држи првата позиција на листата на ТИ, е Нов Зеланд, а потоа следуваат Данска, Сингапур и Шведска. Листата на најмногу корумпирани ја предводат Сомалија, Авганистан, Мијанмар и Судан.

Целта на ова истражување е да се подобри разбирањето на компаративните нивоа на корупцијата во јавниот сектор, да се создаде јавна свест за корупцијата, клима за промени, како и да се понуди слика на ставовите на бизнисмените и експертите кои донесуваат одлуки за трговија и инвестиции.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk